20152035698

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија", бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15 и 154/15), директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ НА ЛЕК ВО ПРОМЕТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на барањето, формата и содржината на потребната документација, начинот за признавање на одобрението за ставање во промет издадено од земјите на Европската унија, како и начинот за добивање условно одобрение за ставање во промет на лекови за употреба во хуманата медицина.

II. СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО

Член 2

Барањето за ставање на лек во промет (во натамошниот текст: барање) содржи:

1. пропратно писмо,
2. образец на барање,
3. документација за лекот која е пропишана со овој правилник во согласност со член 20 од Законот за лековите и медицинските средства (во натамошниот текст: Закон),
4. доказ дека подносителот има вработено лице одговрно за фармаковигиланца со податоци за име и презиме, стручна подготовка, постојана адреса и други информации за контакт со лицето одговорно за фармаковигиланца, потребни за функционирањето на системот на фармаковигиланца, и тоа најмалку: телефонски број(еви) на кои ќе обезбеди постојана достапност, број на факс, адреса на електронска пошта, и копија на дипломата на лицето одговорно за фармаковигиланца, и
5. доказ за платена административна такса и платени надоместоци.

Барањето, покрај документацијата од став 1 на овој член, во зависност од подносителот на барањето содржи и:

1. доказ дека подносителот е запишан во Централниот регистар на Република Македонија за производител на лекови со регистрирано седиште во Република Македонија,
2. договор за застапување во кој е содржано и важечкото осигурување на територијата на Република Македонија со странскиот производител на лекот и доказ дека подносителот е запишан во Централниот регистар на Република Македонија за правен застапник на странски производител со регистрирано седиште во Република Македонија,
3. доказ дека подносителот е запишан во Централниот регистар на Република Македонија и важечкото осигурување на територијата на Република Македонија со странскиот производител на лекот за подружница и за трговско преставништво на странски производител со регистрирано седиште во Република Македонија.

Кон барањето подносителот доставува и примероци на лековите во количина која е потребна за испитување и лабораториска контрола на квалитетот на лекот, освен во постапката за признавање на одобрението за ставање во промет издадено од земјите на Европската унија.

Точноста на податоците во барањето и од документацијата ја потврдува одговорното лице за постапката на добивање на одобрение (во натамошниот текст: одговорно лице) кое е потписник на барањето.

Член 3

Барањето, покрај административниотдел од документацијата од член 20 став 1 точка 1 од Законот, во зависност од видот на барањето, содржи за:

1. барање со целосно сопствени податоци:

- сопствени податоци од подносителот на барањето, односно од производителот за фармацевтските, хемиските и биолошките испитувања,
- сопствени податоци за спроведените претклинички, фармаколошко–токсиколошки испитувања и
- сопствени податоци за клиничките испитувања.

2. барање со комбинирани податоци:

- сопствени податоци од подносителот на барањето, односно од производителот за фармацевтските, хемиските и биолошките испитувања,
- сопствени податоци за спроведените претклинички, фармаколошко–токсиколошки испитувања, во комбинација со податоци од стручна литература и
- сопствени податоци за клиничките испитувања, во комбинација со податоци од стручна литература.

3. барање за генерички лек:

- сопствени податоци од подносителот на барањето, односно од производителот за фармацевтските, хемиските и биолошките испитувања и
- податоци за спроведените фармаколошко–токсиколошки и клинички испитувања на есенцијално сличниот лек што има одобрение за ставање во промет во Република Македонија или било која земја членка на Европската унија, ако референтниот лек е во промет најмалку осум години. Подносителот на барањето есенцијалната сличност ја докажува со студии на биорасположивост или на друг начин ако може да докаже дека генеричкиот лек ги задоволува соодветните критериуми дефинирани во научните упатства.

4. хибридно барање :

- сопствени податоци од подносителот на барањето, односно од производителот за фармацевтските, хемиските и биолошките испитувања,
- податоци за спроведените фармаколошко–токсиколошки испитувања или за клиничките испитувања или за двете испитувања на есенцијално сличниот лек што има одобрение за ставање во промет во Република Македонија или било која земја членка на Европската унија,
- сопствени резултати од подносителот на барањето, односно од производителот за спроведените претклинички, фармаколошко–токсиколошки испитувања и/или за спроведените клинички испитувања за да ги надополни наведените податоци со цел да се премостат информациите што недостасуваат во случаи кога лекот не потпаѓа под дефиницијата на генерички лек или кога биоеквивалентноста не може да се докаже преку студии за биоеквивалентност или во случај на промена во терапевтските индикации, јачината, фармацевтската форма односно начинот на примена на активната супстанција, во однос на референтниот лек.

5. барање за биолошки сличен лек:

- сопствени податоци од подносителот на барањето, односно од производителот за фармацевтските, хемиските и биолошките испитувања,

- сопствени податоци за спроведените претклинички (фармаколошко–токсиколошки) и клинички испитувања на лекот за кој е поднесено барањето,

- податоци од подносителот на барањето, односно од производителот за разликите во однос на референтниот биолошки лек за спроведените претклинички (фармаколошко–токсиколошки) и клинички испитувања,

- сопствени податоци од подносителот на барањето што се однесуваат на која било друга разлика или промена во потеклото на активната супстанција и почетните суровини, производството, квалитетот, ефикасноста и безбедноста помеѓу референтниот лек и лекот за кој се поднесува барањето,

- проценка за квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лекот издадена од Европската агенција за лекови (во натамошниот текст: ЕМА),

- копија од одобрението за ставање во промет издадено од ЕМА/Европската комисија,

- изјава дека документацијата поднесена во ЕМА, најдоцна до 15 дена ќе биде ставена на располагање на Агенцијата за лекови и медицински средства (во натамошниот текст: Агенцијата), по нејзино барање.

Видот и обемот на потребните податоци треба да биде во согласност со овој правилник и соодветните критериуми дефинирани во научните упатства и истите се проценуваат поединечно. Како референтни научни упатства се користат официјални водичи, општи и продукт-специфични за класата на биолошки слични лекови објавени на веб страницата на ЕМА.

Во случај кога референтниот лек има повеќе од една индикација, ефикасноста и безбедноста на примена на биолошки сличниот лек треба да биде оправдана и докажана за секоја од поединечните индикации.

6. барање за лек со добро етаблирана употреба:

- сопствени податоци од подносителот на барањето, односно од производителот за фармацевтските, хемиските и биолошките испитувања,

- податоците за спроведените претклинички фармаколошко–токсиколошки испитувања и/или клинички испитувања се објавени во стручна литература, под услов супстанцијата во лекот да е добро етаблирана, карактеристиките на лекот да се добро познати, неговата ефикасност да е докажана и ако активната супстанција во лекот е во употреба најмалку десет години во Република Македонија или во Европската унија, и ако податоците се кохерентни и доволни и овозможуваат да се изврши екстраполација од супстанцијата до лекот за кој се бара одобрение за ставање во промет. Ако одредени податоци од стручната литература не се доволни, подносителот на барањето, ако е соодветно, доставува стручно издржано објаснување за состојките, нивната ефикасност и прифатлива безбедност, и дека и покрај тоа што недостасуваат одредени податоци, сепак е обезбедена безбедноста и ефикасноста на лекот. Тоа треба јасно да произлезе од стручните мислења за претклиничката фармаколошко–токсиколошка и клиничка документација што се исто така дел од поднесената документација.

7. барање за фиксна комбинација:

- сопствени податоци од подносителот на барањето, односно од производителот за фармацевтските, хемиските и биолошките испитувања,

- резултати од претклиничките испитувања што се однесуваат на предложената комбинација на активните супстанции,

- резултати од клиничките испитувања што се однесуваат на предложената комбинација на активните супстанции.

Резултатите од претклиничките и клиничките испитувања се доставуваат за предложената комбинација на активните супстанции, а не за секоја активна супстанција посебно.

8. барање со информирана согласност:

- согласност на носителот на одобрението за ставање на лек во промет за користење на неговата документација за фармацевтските, хемиските и биолошките, претклиничките фармаколошко–токсиколошките испитувања односно клиничките испитувања.

Сите документи во врска со квалитетот (фармацевтски, хемиски и биолошки податоци), безбедноста (фармаколошки и токсиколошки податоци) и/или ефикасноста (клинички податоци) се доставуваат во зависност од видот на барањето.

III. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 4

Подносителот на барањето ги доставува потребните податоци и документација во форма на Општа техничка документација - Common Technical Document (во натамошниот текст: CTD досие), составена од 5 модули:

- модул 1 содржи административни податоци;
- модул 2 содржи стручни мислења за документацијата на лекот, во врска со квалитетот согласно Модул 3, претклиничките испитувања согласно Модул 4 и клиничките испитувања согласно Модул 5;
- модул 3 содржи фармацевтски, хемиски и биолошки испитувања;
- модул 4 содржи претклинички фармаколошко-токсиколошки испитувања и
- Модул 5 содржи клинички испитувања.

По исклучок од став 1 на овој член, документацијата за лекот може да се поднесе и во старата европска форма (во натамошниот текст: Европско досие).

Член 5

Модулот 1 се доставува во печатена форма во оригинал или заверен препис, а образецот на барањето, збирниот извештај за особините на лекот и упатството за пациентот, покрај печатената форма се поднесуваат и во електронска форма.

Документацијата од модулите 2, 3, 4 и 5 се доставува во форма на фотокопија со писмена изјава на одговорното лице со која потврдува дека фотокопијата е верна на оригиналната документација.

По исклучок од став 2 на овој член, документацијата од модулите 2, 3, 4 и 5 може да се достави и во електронска форма (е-CTD) со писмена изјава од одговорното лице со која потврдува дека електронската форма е верна на оригиналната документација и писмена изјава дека, по барање на Агенцијата ќе ја поднесе документацијата во печатена форма најдоцна 30 дена од приемот на барањето.

Документацијата може да се достави на македонски јазик и/или на англиски јазик како еден од службените јазици кој е во употреба во Европската унија, освен збирниот извештај за особините на лекот и упатството за пациентот.

Член 6

Модул 1 од член 4 став 1 алинеја 1 од овој правилник содржи административни податоци и тоа:

1.0. пропратно писмо;

1.1. детален преглед на содржината на документацијата во форма на CTD (индекс на модули);

1.2. пополнет образец на барање;

1.3. информации за лекот:

- предлог име и доказ дека производителот е исклучителен носител на сите права на името на лекот, односно сопственик, ако не се работи за незаштитено име,
- предлог на збирен извештај за особините на лекот и предлог на упатство за пациентот,
- збирен извештај за особините на лекот и упатство за пациентот, одобрени од надлежен орган на земјата производител (за странски производители),
- предлог пакување (надворешно и/или контактно),
- оригинално пакување на лекот (за странски производители),
- информации за консултирање на целни групи на пациенти за разбирливоста на упатството за пациентот,
- информации за издадени одобренија за ставање на лекот во промет во земји членки на Европска унија и други земји и информации дека лекот се наоѓа во промет во тие земји, како и детални објаснувања за евентуално одбивање на одобрението за ставање во промет во било која земја,
- сертификат за фармацевтски производ (за странски производители),
- информации за производителот, информации за местата на производство, одобрение за производство засновано на исполнување на барањата за добрата производна пракса - Good manufacturing practice (во натамошниот текст:GMP) и сертификат за GMP не постар од три години,
- информација напишана во Брајлови ознаки, во согласност со барањата на одредбите од членовите 83 и 84 од Законот кои се однесуваат на надворешното пакување и упатството за пациентот;

1.4. потпишани изјави со биографски податоци на стручните лица за:

- фармацевтско-хемиско и биолошкиот дел на документацијата,
- претклиничкиот (фармаколошко-токсиколошки) дел на документацијата,
- клиничкиот дел на документацијата;

1.5. посебни предлози за различни видови на барања во согласност со член 3 став 1 точка 1 до 8 од овој правилник;

1.6. проценка на ризикот по животната средина:

- за лековите што не содржат генетски модифицирани организми, меѓутоа преставуваат закана по животната средина и
- за лековите што содржат генетски модифицирани организми;

1.7. други податоци, и тоа:

- детален опис на системот за фармаковигиланца и, ако е применливо, детален опис на системот за справување со ризик,
- податоци за клиничките испитувања, ако се спроведени надвор од земјите на Европската унија, ако е тоа применливо, и
- други податоци во согласност со барањата на Агенцијата.

Член 7

Пропратното писмо од член 2 став 1 точка 1 од овој правилник, содржи:

- меморандум/лого, име и адреса на подносителот на барањето;
- вид на барањето;
- име на лекот;
- фармацевтска дозирана форма, јачина и големина на пакувањето;
- име на производителот;
- предлог за АТС код;
- начин на употреба и предлог начин на издавање на лекот;

- податоци за бројот на класери/фолдери, како и за видот и бројот на носачите/медиумите на електронски записи;
- датум и потпис на одговорното лице.

Во случај на повеќе барања за еден лек со различна фармацевтска дозирана форма, јачина и големина на пакувањето, пропратното писмо, содржи податоци за секое поединечно барање.

Во прилог на пропратното писмо се доставува и:

- изјава дека пополнетиот образец на барањето, стручното мислење за квалитетот на лекот, збирниот извештај за особините на лекот и фармацевтската, хемиската и биолошката документација се изготвени во два идентични примероци и дека еден примерок ќе се достави до овластената лабораторија за испитување и контрола на лекови најдоцна пет работни дена од поднесувањето на документацијата до Агенцијата.

Член 8

Образецот на барањето од член 2 став 1 точка 2 од овој правилник се поднесува за секоја фармацевтска форма, јачина и големина на пакување на лекот и ги содржи следниве податоци:

1. информации за видот на барањето и постапката;
2. информации за лекот;
3. информации за научните сознанија за лекот;
4. информации за употреба на лекот кај деца;
5. информации за добиени одобренија за ставање на лекот во промет во други земји и
6. секоја друга потребна информација за доставените документи:

- во случај на барање од член 3 став 1 точка 8 од овој правилник, доказ дека носителот на одобрението за ставање на лекот во промет се согласува да се користат референците од неговата документација во постапката потребна за добивање на одобрение за ставање во промет на предметниот лек;
- информација дека подносителот на барањето има свое седиште во Република Македонија;
- информации за квалификациите за лицата одговорни за фармаковигиланца;
- одобрение за производство за сите производни локации наведени во документацијата издадено во согласност со критериумите на GMP;
- шематски приказ и поврзаност на вклучените различни производни локации на лекот односно на неговите активни супстанции;
- извештај и сертификат од надлежните органи кои извршиле инспектирање на условите за добра производна пракса на сите вклучени различни производни локации. Сертификатот за GMP не треба да биде постар од три години. Се приложува и преглед на сите други инспекции поврзани со добрата производна пракса спроведени во последните две години;
- писмена изјава од производителот за пристапноста до оригиналот односно заверена копија на мастер фајлот на лекот Drug Master File (во натамошниот текст: DMF) или заверена копија од сертификатот за соодветност на Европската фармакопеја -Europian pharmacopoea (во натамошниот текст: Ph.Eur.);
- писмена согласност од производителот на активната супстанција во која се изјавува дека подносителот на барањето ќе биде информиран за секоја промена што ќе настане во процесот на производство на активната супстанција или во нејзината спецификација;
- сертификатот за соодветност на Ph.Eur. во врска со постоење на агенси што пренесуваат животинска спонгиформна енцефалопатија – Transmissible Spongiform encephalopathy (во натамошниот текст: TSE) односно докази дека супстанциите од животинско потекло се произведуваат во согласност со одредбите на европската фармакопеја и инструкциите од Европската комисија кои се однесуваат на сведување на ризикот од инфекции од TSE на минимум;

- писмено одобрение во врска со ослободувањето на генетски модификувани организми во животната средина од надлежен орган;
- проценка за квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лекот од ЕМА односно од националниот надлежен орган, ако постои;
- список на земји, односно на барање на Агенцијата, копии од сите одобренија за ставање на лекот во промет издадени од други земји членки на Европската унија, заедно со список на земји во кои е поднесено, одбиено или повлечено барањето за ставање на лекот во промет и детален опис на причините за одбивање;
- во случај на вакцини, копија од сертификатот на ЕМА за мастер фајлот за антигенот на вакцината;
- во случај на лекови добиени со преработка на човечка крв или човечка плазма, копија од сертификатот на ЕМА за мастер фајлот на плазмата;
- писмена изјава од носителот на одобрението за ставање на лекот во промет дека процесот на производство на активната супстанција е спроведен во согласност со начелата на добрата производна пракса за влезните супстанции, со исклучок на крвта и крвните компоненти и
- други потребни информации на барање на Агенцијата.

Образецот на барањето за добивање на одобрение за ставање на лек во промет е дадено во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 9

Збирниот извештај за особините на лекот од член 6 точка 1.3. алинеја 2 од овој правилник за секоја фармацевтска дозирана форма и јачина содржи:

1. Име на лекот, јачина и фармацевтска дозирана форма;
2. Квалитативен и квантитативен состав на активната супстанција(и) и на ексципиенсите;
3. Фармацевтска дозирана форма;
4. Клинички податоци:
4.1. терапевтски индикации;
4.2. дозирање и начин на употреба кај возрасни, и ако е потребно, кај деца;
4.3. контраиндикации;
4.4. посебни мерки на претпазливост и посебни предупредувања за употреба на лекот; во случај на имунолошки лекови сите потребни мерки на предупредувања што треба да се дадат од страна на здравствените работници пред лекот да биде даден на пациентите, заедно со потребните мерки на претпазливост што треба да бидат преземени од страна на пациентот;
4.5. интеракции со други лекови и други форми на интеракции;
4.6. употреба за време на бременост и доење;
4.7. ефекти врз способноста за возење и ракување со машини;
4.8. несакани дејства;
4.9. предозирање (симптоми, потребни мерки, антидоти).
5. Фармаколошки податоци:
5.1. фармакодинамски својства;
5.2. фармакокинетски својства;
5.3. претклинички податоци за безбедноста.
6. Фармацевтски податоци:
6.1. листа на ексципиенси (Ph.Eur);
6.2. инкомпатибилност;
6.3. рок на траење, или ако е потребно, и рок на употреба по првата реконституција на производот или по првото отворање на контактното пакување;

6.4. начин на чување;

6.5. природа и содржина на пакувањето;

6.6. посебни мерки на претпазливост при отстранување на неупотребените производи односно отпадните материјали, ако е потребно.

7. Носител на одобрението за ставање на лекот во промет;

8. Број (еви) на одобрението (јата) за ставање на лекот во промет;

9. Датум на првото одобрение за ставање на лекот во промет и датум на последното обновено одобрение;

10. Датум на последната ревизија на текстот;

11. За радиофармацевтските препарати - детални информации за внатрешната доза на радијација;

12. За радиофармацевтските препарати - дополнителни детални информации за подготовката на препаратот и контролата на квалитетот на подготовката, и по потреба да се наведе најдолгиот рок на траење на полупроизводот, како на пример елуат, односно непосредно подготвениот лек што ги исполнува барањата на спецификациите.

Збирниот извештај за особините на генерички лекови ја има содржината од став 1 на овој член, освен деловите што се однесуваат на индикациите и фармацевтските дозирани форми на референтниот лек што сеуште имаат патентна заштита.

Збирниот извештај за особините на лекот ги содржи податоците од став 1 на овој член и се изготвува во согласност со „Упатството за збирниот извештај за особините на лекот“ на Европската комисија, кој е дел од пропишаните правила за лековите во Европската унија и согласно со стручните изрази што се во употреба во Република Македонија.

Содржината на текстот на збирниот извештај од став 1 на овој член може да биде иста за различни фармацевтски дозирани форми или јачини што имаат идентични или слични фармакокинетски својства, се користат за исти индикации, имаат ист начин на употреба, исти контраиндикации, предупредувања, мерки на претпазливост, како и несакани дејства, при што експициенсите се наведуваат за секоја фармацевтска дозирана форма, и ако е потребно, за секоја јачина.

Подносителот на барањето збирниот извештај за особините на лекот го доставува и во оригинален текст потврден од страна на надлежен орган на земјата производител, ако постои и на англиски јазик.

Член 10

Предлог пакувањето на лекот (надворешно и/или контактно) од член 6 точка 1.3 алинеја 4 од овој правилник ги содржи податоците за лекот во согласност со членот 83 од Законот и подзаконскиот акт со кој се пропишани податоците што се содржат на надворешното и контактното пакување.

Член 11

Предлог текстот на упатството за пациентот од член 6 точка 1.3. алинеја 2 од овој правилник ги содржи податоците за лекот во согласност со членот 84 од Законот и подзаконскиот акт за содржината на упатството за употреба.

Содржината на текстот на упатството од став 1 на овој член може да биде заедничка за различни фармацевтски дозирани форми или јачини што имаат идентични или слични фармакокинетски својства, се користат за исти индикации, имаат ист начин на употреба, исти контраиндикации, предупредувања, мерки на претпазливост, како и несакани дејства, при што експициенсите се наведуваат за секоја фармацевтска дозирана форма, и ако е потребно, за секоја јачина.

Подносителот на барањето упатството за пациентот го доставува и во оригинален текст потврден од страна на надлежен орган на земјата производител, ако постои и на англиски јазик.

Член 12

Изјавите од член 6 точка 1.4. од овој правилник треба да се потпишани од стручното лице кое го изготвило мислењето како гаранција за наведените податоци со датумот на изработката.

Стручното лице во прилог на изјавата доставува биографски и библиографски податоци како потврда за неговата компетентност и независност во евалуацијата на податоците.

Член 13

Барањето од членовите 2 и 3 од овој правилник, во зависност од видот, може да содржи и дополнителни информации за:

- барање за лек со добро етаблирана употреба;
- барање за генерички лек;
- хибридното барање;
- биолошки сличен лек;
- фиксна комбинација;
- барањето во посебни случаи или за добивање на условно одобрение и
- барање со комбинирани податоци.

Член 14

За лековите што содржат генетски модифицирани организми и за лековите што не содржат генетски модифицирани организми, но претставуваат ризик по животната средина според начинот на нивната употреба и/или начинот на нивното отстранување и уништување, или според двете, барањето содржи и проценка за ризикот по животната средина.

Член 15

Модулот 2 од член 4 став 1 алинеја 2 од овој правилник содржи збирни стручни мислења за Модулите 3, 4 и 5, и тоа:

2.1. содржина на Модулите 2, 3, 4 и 5 (индекс);
2.2. вовед;
2.3. стручно мислење за квалитетот на лекот:
2.3.S. активна супстанција;
2.3.S.1. општи информации;
2.3.S.2. производство;
2.3.S.3. карактеристики;
2.3.S.4. контрола на активна супстанција;
2.3.S.5. референтни стандарди или материјали;
2.3.S.6. контактно/надворешно пакување;
2.3.S.7. стабилност;
2.3.P. лек/готов производ;
2.3.P.1. опис и декларирана состав на лекот;
2.3.P.2. развој на лекот;
2.3.P.3. производство;
2.3.P.4. контрола на ексципиенси;
2.3.P.5. контрола на лекот;
2.3.P.6. референтни стандарди или материјали;

2.3.P.7. контактно/надворешно пакување;
2.3.P.8. стабилност;
2.3.A. прилози;
2.3.A.1. простории и опрема;
2.3.A.2. проценка на ризикот од неочекувана надворешна контаминација;
2.3.A.3. нови ексципиенси;
2.3.R. регионални информации;
2.4. преглед на претклиничката документација;
2.5. преглед на клиничката документација:
2.5.1. образложение за развојот на лекот;
2.5.2. преглед на биофармацевтските податоци;
2.5.3. преглед на клиничката фармакологија;
2.5.4. преглед на ефикасноста;
2.5.5. преглед на безбедноста;
2.5.6. резултати од проценката на односот ризик/корист;
2.5.7. повикување на литература и цитирана литература;
2.6. стручно мислење за претклиничката документација или испитување;
2.6.1. вовед;
2.6.2. пишан збирен извештај за фармаколошките податоци:
2.6.2.1. краток збирен извештај;
2.6.2.2. примарна фармакодинамика;
2.6.2.3. секундарна фармакодинамика;
2.6.2.4. испитувања за фармаколошката безбедност;
2.6.2.5. фармакодинамски интеракции;
2.6.2.6. дискусија и заклучоци;
2.6.2.7. табели и дијаграми;
2.6.3. табеларен збирен извештај за фармаколошките податоци;
2.6.4. табеларен збирен извештај за фармакокинетските податоци:
2.6.4.1. краток збирен извештај;
2.6.4.2. метод на анализа;
2.6.4.3. абсорпција;
2.6.4.4. дистрибуција;
2.6.4.5. метаболизам;
2.6.4.6. елиминација;
2.6.4.7. фармакокинетски интеракции;
2.6.4.8. други фармакокинетски испитувања;
2.6.4.9. дискусија и заклучоци;
2.6.4.10. табели и дијаграми;
2.6.5. табеларен збирен извештај за фармакокинетските податоци;
2.6.6. пишан збирен извештај за токсиколошките податоци:
2.6.6.1. краток збирен извештај;
2.6.6.2. токсичност после еднократно дозирање;
2.6.6.3. токсичност после повеќекратно дозирање;
2.6.6.4. генотоксичност;
2.6.6.5. канцерогеност;
2.6.6.6. токсично влијание врз способноста за репродукција;
2.6.6.7. локална поднесливост;
2.6.6.8. други токсиколошки испитувања (ако постојат);
2.6.6.9. дискусија и заклучоци;
2.6.6.10. табели и дијаграми;

2.6.7. табеларен збирен извештај за токсиколошките податоци;
2.7. стручно мислење за клиничката документација или испитување:
2.7.1. збирен извештај за спроведените биофармацевтски испитувања и на користените аналитички методи;
2.7.1.1. основи и преглед;
2.7.1.2. збирен извештај за резултатите од поединечните испитувања;
2.7.1.3. споредбен извештај и анализа на резултатите од испитувањата;
2.7.1.4. прилог;
2.7.2. збирен извештај на клиничките фармаколошки испитувања;
2.7.2.1. основи и преглед;
2.7.2.2. збирен извештај за резултатите од поединечните испитувања;
2.7.2.3. споредбен извештај и анализа на резултатите од испитувањата;
2.7.2.4. посебни испитувања;
2.7.2.5. прилог;
2.7.3. збирен извештај за клиничката ефикасност:
2.7.3.1. основи и преглед на клиничката ефикасност;
